РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
Бр. 04-25/1-1202/23
02.01.2024 год.
Валандово



Врз основа на член 11 став 13 од Законот за пожарникарството („Службен весник на РМ“ бр. 67/2004, 81/2007, 55/13, 158/13, 193/15, 39/16 и „Службен весник на РСМ“ бр.152/19), член 23 став 4 од Законот за работните односи („Службен весник на РМ“ бр. 62/2005, 106/2008, 161/2008, 114/2009, 130/2009, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16 120/18 и „Службен весник на РСМ“ бр.110/19), член 50 став 1 точка 13 и 14 и член 63 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/2002), член 36 став 1 алинеја 6 и 8 и член 50 став 3 од Статутот на Општина Валандово, врз основа на предложената ранг листа на кандидати за избор од страна на Комисијата за селекција на кандидати по Јавен оглас бр.03/2023 за вработување на неопределено време во Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесува

## РЕШЕНИЕ
### за избор на кандидати по Јавен оглас бр.03/2023

**1.** Со ова Решение, Градоначалникот на Општина Валандово врши избор на кандидати по Јавен оглас бр.03/2023 за вработување на неопределено време на 3 (три) овластени службеници во областа на безбедноста во ТППЕ Валандово.

**2.** Врз основа на предложената ранг листа на кандидати за избор од страна на Комисијата за селекција на кандидати се врши следниот избор на кандидати по Јавниот оглас бр.03/2023 и тоа:

За работното Пожарникар спасител – водач на група во ТППЕ Валандово - 1 (еден) извршител:

- Ристо Гељо Димов

За работното Пожарникар спасител во ТППЕ Валандово – 2 (двајца) извршители:

- Душан Славко Андонов
- Илија Светозар Кнежевиќ

**3.** Со избраните лица од точка 2 на ова Решение ќе се заснова работен однос по конечноста на Решение.

**4.** Решението влегува во сила со денот на донесувањето.

### Образложение

Општина Валандово на ден 19 декември 2023 година во дневните весници „Нова Македонија“ и „Коха“ и на ВЕБ страната на општината, објави Јавен оглас бр.03/2023 за вработување на неопределено време на 3 (три) овластени службеници во областа на безбедноста во ТППЕ Валандово, за следните работни места:

**1.** Ниво В2 – Пожарникар спасител – Водач на група, шифра ПОЖ 02 10 В02 000 – 1 (еден) извршител и

**2.** Ниво В4 – Пожарникар спасител, шифра ПОЖ 02 10 В04 000 – 2 (двајца) извршители.

Согласно пропишаната постапка за избор, Градоначалникот на Општина Валандово со Решение бр.04-1202/7 од 26.12.2023 година формираше Комисија за селекција на кандидати по Јавен оглас бр.03/2023.

По истекот на огласот, во законски предвидениот рок, Комисијата за селекција на кандидати на ден 27.12.2023 година има извршено проверка и со Записник бр.04-1202/15 од 27.12.2023 година

има утврдено дека за работното место Пожарникар спасител – водач на група во ТППЕ Валандово 1 (еден) извршител се има пријавено 1 кандидат, а за работното место Пожарникар спасител во ТППЕ Валандово 2 (двајца) извршители се имаат пријавено 2 кандидати и дека сите пријавени кандидати ги доставиле задолжителните докази за исполнување на бараните услови со огласот и дека истите се веродостојни. Притоа Комисијата има заклучено со сите пријавени кандидати да биде спроведено интервју .

Комисијата за селекција на кандидати на ден 28.12.2023 година има извршено интервју со сите кандидати за работното место Пожарникар спасител – Водач на група и Пожарникар спасител во ТППЕ Валандово, има утврдено бодови за секој кандидат поединечно, за што има составено Записник бр.04-1202/16 од 28.12.2023 година.

По завршувањето на двете фази, Комисијата согласно Правилникот за критериуми за селекција на кандидати за вработување во ТППЕ Валандово за работно место Пожарникар спасител – водач на група бр.04-537/5 од 25.06.2021 година и Правилникот за критериуми за селекција на кандидати за вработување во ТППЕ Валандово за работно место Пожарникар спасител бр.04-44/5 од 10.01.2020 година, има извршено бодирање на кандидатот пријавен за работното место Пожарникар спасител – водач на група во ТППЕ Валандово и бодирање на кандидатите пријавени за работното место Пожарникар спасител во ТППЕ Валандово по сите предвидени основи при што до Градоначалникот има доставено Ранг-листа на најуспешни кандидати.

Имајќи го во предвид дадениот предлог, се изврши избор на кандидати како во диспозитивот на оваа Решение.

**Упатство за правно средство:** Против оваа Решение може да се поднесе жалба до во рок од 8 дена од денот на приемот на Решението, до Градоначалникот на Општина Валандово.

Градоначалник
на Општина Валандово
Перо Костадинов

Изработил: С.Димитров
Контролирал: С.Христова Јовановиќ
Одобрил: М.Чурлинова Јорданова

Доставено до :
- Архива;
- Кандидатите